МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Август 2009
БРОЈ 96

## МЦМС ќе работи во три нови општини

Програмата "Форуми во заедницата" на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) продолжува со реализација на активностите во нови општини. Третиот циклус од програмата ќе започне во септември 2009 година.

Во периодот од 15 месеци ќе се реализираат Форуми во 12 општини: Аеродром, Берово, Радовиш, Конче, Крушево, Струмица, Могила, Новаци, Гостивар, Дебар, Македонски Брод и Боговиње.

Во овој циклус ќе се организираат: Форуми во заедницата, Меѓуопштински форуми и Буџетски форуми.

МЦМС ќе работи во општините Радовиш/Конче, Берово и Аеродром. Останати организации спроведувачи се: ФИООМ, ЦИРа, АДИ и Алка.

Вкупниот буџет за тековниот циклус изнесува 64 милиони денари, од кои 17.5 милиони денари се учество на општините, а 46.5 милиони денари се донација на СДЦ.

## Организации, институции и проекти за рурален развој

МЦМС ве повикува да се пријавите и бидете дел од оваа публикација која ќе содржи:

* информации за профилот на организацијата/институција и

* информации за спроведените проекти за рурален развој во последните 5 години.

Заради сеопфатност и заради корисноста на информациите, МЦМС ги повикува сите организации и институции кои спроведувале или спроведуваат проекти за рурален развој да се пријават и да бидат дел од новата публикација.

Крајниот рок за пријавување е 22.09.2009 година.

За повеќе информации поврзани со публикацијата контактирајте со одговорниот службеник во МЦМС, Грамоз Шабани на тел. 02/3065-381 локал 153 или факс: 02/3065-298 или на имејл: gsb@mcms.org.mk

# Историски чекор - БЦСДН го одржа основачкото собрание



*Претставници на членките на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество*

Балканската мрежа за развој на граѓанско општество (БЦСДН) го одржа основачкото собрание на 6 јули во Скопје, Македонија. Осум години откако беше иницирана како пилот проект и повеќе од пет години од нејзината трансформација во мрежа, БЦСДН и формално стана правен субјект со 11 основачи – граѓански организации. Беа усвоени и главните акти, Статут и Стратегиска ориентација 2009 – 2011 и беа избрани следниве органи, Совет, Одбор и Извршен директор.

За членови на Одборот беа избрани: Горан Ѓуровиќ (Претседавач) Извршен директор, ЦРНВО, Црна Гора; Тина Микиели (Заменик претседавач) Раководител на проект, ЦНВОС, Словенија; Миљенко Дерета, Извршен директор, Граѓански иницијативи, Србија; Венера Хајрулаху, Извршен директор, КЦСФ, Косово; Сашо Клековски, Прв извршен директор, МЦМС, Македонија; Александар Кржаловски, Извршен директор, МЦМС, Македонија.

На собранието беше потврдено дека Секретаријатот на мрежата ќе продолжи да работи во рамките на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Сегашниот координатор Тања Хафнер Адеми беше избрана за Извршен директор на БЦСДН.

## Средба на граѓанските организации со министерот Маневски



*Од средбата на претставниците на граѓанските оргнаизации со министерот*

На 26 август 2009 година во Министерството за правда се одржа средба меѓу министерот за правда г. Михајло Маневски и група граѓански организации. Целта на средбата беше информирање за процесот на подготовка на Законот за здруженија и фондации, како и за прашања за поширока соработка на министерството и граѓанските организации.

Министерот Маневски го истакна задоволството од постигнатиот напредок и од досегашната соработка со граѓанските организации при подготовка како на Законот за здруженија и фондации, како и на други важни закони.

Во однос на Законот за здруженија и фондации, Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС, како член на работната група, ги сумираше клучните измени кои според него ќе доведат до еден од најлибералните и најсовремени закони кој се заснова на најдобрите искуства од земјите од Европа, но и на препораките на релевантни меѓународни институции, на конвенции кои ги потпишала Република Македонија, и на одредени домашни политики и стратегии.

Накусо, тој ги изнесе клучните промени од новиот закон кои се однесуваат на поголема промоција на слободата на здружување (можност да основаат здруженија се дава и на правни лица, на малолетници и на странци), на појаснување и поедноставување на управувањето на здруженијата и фондациите, подобрени се одредбите за финансирање на здруженија и фондации, а истовремено воведени се и одредби за начинот на остварување на контролата во здруженијата и фондациите. На крај истакна дека најважната новина во Законот е воведувањето на нова глава која се однесува на статусот на јавен интерес.

Според Сашо Клековски донесувањето на овој закон е од особена важност и поради фактот што потоа ќе може да се направат усогласувања, измени и допрецизирање на други закони кои што се од голема важност за одржливоста на граѓанскиот сектор и кои што се предвидени со Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. Тоа воедно ќе значи и придонес кон понавремено спроведување на Стратегијата.

Министерот Маневски на крајот истакна дека како и до сега граѓанските организации ќе продолжат да имаат клучна улога во подготовката на најголемиот број од законите, а воедно побара и нивна поддршка и проактивност во овие процеси.

## Волонтерите стекнаа нови искуства во МЦМС

МЦМС неколку години спроведува обука низ работа, за заинтересирани, претежно млади луѓе. Идејата на обуката низ работа е овие луѓе да се запознаат со начинот на функционирање на граѓанските организации, нивните системи и процедури, едноставно одвнатре да го запознаат граѓанскиот сектор. Освен што се запознаваат со работењето на граѓанските организации, тие практично работејќи на програмите и проектите имаат можност да се здобијат со знаења и вештини во областите на раководење со проектен циклус, институционален развој и организациско јакнење и канцелариско и архивско работење.



Последниот циклус на обука низ работа во МЦМС започна во април, а заврши во јули оваа година. Обуката низ работа функционира на принципот на менторство.

„По завршувањето на додипломските студии по Бизнис администрација на Американскиот колеџ во Скопје, ја имав честа и задоволството да волонтирам во една од водечките организации од невладиниот сектор во Македонија. Се запознав со активностите и задачите кои ги извршува оваа организација. Особено ми беше драго што имав можност да присуствувам на три обуки организирани од МЦМС, каде што се стекнав со информации и алатки, кои сметам дека ќе ми бидат од голема корист во мојот понатамошен професионален развој. Ми беше задоволство што моето прво работно искуство го стекнав во еден одлично организиран и кохезивен тим кој што во секој момент настојуваше да ми помогне во адаптирањето, што ме мотивираше да ги проширам моите знаења за невладиниот сектор", ни кажа Емил Махмутовиќ.

Освен Емил Махмутовиќ, во МЦМС волонтираа и Горан Јордановски, Гоце Гочески, Катерина Тумбовска и Љубица Атовска.

## Заврши уште една фаза од развојот на актерите на граѓанското општество




*Промоција на обуките и консултациите за време на Деновите на кариера*

Заврши програмата Организациски развој на актерите на граѓанското општество (ОРР) што МЦМС ја спроведе во периодот од 2006 до 2008 година. Целта на програмата беше да се развијат организациските и институционалните капацитети на граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество.

Активностите од програмата им беа наменети на формалните и неформалните граѓански организации и мрежи, како и сите други актери на граѓанското општество (синдикати, верски заедници и други). Како директни корисници на програмата беа опфатени 1920 лица.

За постигнување на резултатите на програмата беа користени: обуки, консултации, истражувања и оценки. Обуките беа спроведувани како редовни и скроени. На редовните обуки учесниците се пријавуваа на отворен повик објавен во дневните весници, а скроените беа организирани и дизајнирани во согласност со барањата на нарачателите.

Во текот на програмата беа реализирани вкупно 132 настани/мисии. Во текот на програмата беа реализирани 15 редовни обуки. Обуките и консултациите се спроведоа на различни теми: организациски развој, раководење со портфолио, раководење со човечки ресурси. Беше спроведена и обука низ работа во канцелариите на МЦМС.

Програмата ја спроведе МЦМС со својот тим на консултанти, а по потреба беа ангажирани и надворешни соработници.

Средствата за спроведување на оваа програма беа обезбедени од Данската црковна помош (ДЦА), Евангелската црковна помош (ЕЕД), ОБСЕ како и сопствени средства добиени преку партиципација на учесниците на редовните обуки и други корисници.

Трошоците за програмата изнесуваат 24,601,372 МКД.

## Подобро разбирање и прифаќање на граѓанското општество



*НВО Саемот беше една од најмасовните манифестации на граѓанското општество*

Да се креира овозможувачка околина, да се поддржи понатамошниот развој на граѓанското општество и да се подобрат резултатите на актерите на граѓанското општество во Македонија беа целите на програмата Институционален развој на граѓанското општество (ИГО) што МЦМС ја спроведуваше во периодот од 2006 до 2008 година.

Со активностите на програмата постигнати се повеќе резултати: подобрена информираност на јавноста за активностите на ГО, што е предуслов за подобрено разбирање и прифаќање на граѓанското општество; мало подобрување на правната и фискална рамка за ГО и за мобилизација на локални ресурси; одредено подобрување на соработката помеѓу ГО. Иако беше планирано ГО да воспостават правила и принципи базирани на транспарентност, отчетност и демократија нема битни промени во оваа сфера.

Програмата опфати повеќе различни типови на активности: информации, истражувања, застапување и лобирање, обуки и консултации и вмрежување.

Во првите две години програмата ја опфати програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) и се спроведе преку проектот „Поддршка на национален форум/платформа на граѓанското општество", кој беше финансиран од Европската унија преку Европската агенција за реконструкција.

Средствата за спроведување на оваа програма беа обезбедени од Европската агенција за реконструкција (ЕАР), Данската црковна помош (ДЦА), Евангелската црковна помош (ЕЕД) и други донатори. Дел од програмските трошоци беа обезбедени од партнерите од ГПМ и од членарина во ГПМ.

Вкупните трошоци за програмата изнесуваат 44.066.665,6 МКД, а учеството на МЦМС изнесува 42.761.616 МКД или 97 %.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk